ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) , чл. 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ Бр. 5/02) и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2023 година бр.09-200/36 од 27.12.2023 година, Градоначалникот на Општина Битола го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на Повторна ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА и ЈАВНА АНКЕТА за Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола

Повторната Јавна презентација на **Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола** ќе се одржи на ден 18.08.2023 година (петок) во 10.00 часот во Салата на Совет на Општина Битола, на Бул. 1 ви Мај бр. 61 Општина Битола.

**Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола**, се однесува на опфатот кој е дефиниран со следните граници: на исток по осовина на постоечка улица „Студентска„, на југ по улица „Стрчин„, на запад по осовина на улица „Петар Чаулев„ и улица „Стрчин„ и на север по осовини на постоечки улици „Ѓорѓи Поп Христов„ и улица „Прва„ - соодветно на изложениот графички прилог. Површината на планскиот опфат во рамки на зададените граници изнесува 6,22 ха.

Графичкиот прилог од **Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола** , ќе биде изложен на огласна табла во просториите на Општина Битола почнувајќи од 18.08.2023 год. и на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk во панелот за јавна презентација и јавна анкета и информацискиот систем е-урбанизам.

**Повторната Јавна анкета на Предлог ДУП за Четврт Југ 1 Блок Ј.01.04 – Општина Битола, ќе трае 6 работни денови почнувајќи од 18.08.2023 год. заклучно со 25.08.2023 година.**

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со предлог планот, можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови, во писмена форма, кои можат да се подигнат од шалтерите на Општина Битола или во електронска форма преку информацискиот систем за е-урбанизам.

Се повикуваат правните и физички лица од конкретното подрачје на предлог планот да земат учество во јавната анкета, бидејќи тоа е од наш заеднички интерес.

08-862/3
09.08.2023 год.
Б И Т О Л А

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Битола**
**Тони Коњановски**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk